РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Бр.-Nr. 02 - 7276/1
24. 07 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 61 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 136/12, 23/13, 187/13, 61/15, 39/16 и 11/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25), Министерството за култура и туризам донесува

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ИНТЕРЕС* ВО КУЛТУРАТА ЗА 2026 ГОДИНА

Министерството за култура и туризам, врз основа на целите и приоритетите содржани во Националната стратегија, во јули во тековната за наредната година донесува Годишен план за финансирање на националниот интерес во културата.

Со Годишниот план се утврдуваат општите насоки за остварување на националниот интерес во културата за наредната година, кои се однесуваат особено на:

- поттикнување на уметничкото творештво,
- достапност до уметничкото творештво,
- континуирана заштита на движното и на недвижното културно наследство и негова промоција,
- негување на духовното културно наследство,
- обезбедување услови за рамномерен културен развој,
- остварување меѓународна соработка во културата,
- задоволување на културните потреби на заедниците во Република Северна Македонија,
- дигитализација на културното наследство и на современото уметничко творештво,
- воведување нови технологии во установите од областа на културата,
- поддршка на културни активности на млади,
- културни активности на независниот културен сектор,
- развој на креативните индустрии,

---

* Годишниот план за остварување на националниот интерес во културата за 2025 година ќе се донесе во период во кој не е донесена Националната стратегија за култура, односно таа е помината само во владина процедура (нацрт-текстот од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија е доставен до Собранието на Република Северна Македонија, а на 9. продолжение на 138. пленарна седница не е разгледана како точка на дневен ред).

- достапност до културата на лицата со посебни потреби.

**Цел на Годишниот план**

Утврдување краткорочни цели и приоритети за развој на културата во 2026 година, како и мерки и активности за нејзино остварување.

**Во 2026 година националниот интерес во културата ќе се оствари во согласност со горенаведените општи насоки за кои предлагаме да бидат во корелација со следниве активности и мерки:**

**– Поттикнување на уметничкото творештво**

Стимулирањето на домашното уметничко творештво неизоставно треба да биде еден од врвните приоритети на Министерството за култура и туризам во сите дејности од областа на културата. Преку поттикнување на творештвото (нарачки и откуп на дела) од страна на националните установи и на другите релевантни субјекти од областа на културата ќе се збогати фондот на национални дела и уште понагласено ќе се афирмираат улогата и статусот на творецот и на репродуктивниот уметник во нашата држава. Од друга страна, поддршката на манифестациите што се фокусирани на современата уметност и творештво ќе овозможи пошироката културна јавност да се запознае со опусот на авторите од нашата држава, а преку претставувањата во странство, актуелната творечка сцена од Република Северна Македонија ќе се презентира и во меѓународен контекст. Бројот на нарачаните дела и откупот во 2026 година ќе зависат од буџетот на Министерството за култура и туризам.

**– Достапност на уметничкото творештво**

Улогата на државата и на Министерството за култура и туризам е да ги поттикнува врвното уметничко творештво и системот на културни вредности во Република Северна Македонија, но, исто така, и да обезбеди услови за помасовна дистрибуција и рецепција на овие вредности. На тој начин ќе се развива креативноста и на регионално и на локално ниво во државата. Затоа во 2026 година не треба да изостане обезбедувањето континуирана поддршка за реализација на манифестации, фестивали, изложби, концерти, претстави, промоции на литературно творештво и други содржини во сите општини во Република Северна Македонија. Поддршката на проектите на националните установи од областа на културата треба да биде насочена и кон претставување на нивната продукција низ Република Северна Македонија, како и обезбедување поволности за одредени категории граѓани кои ќе може бесплатно да ги следат настаните од областа на културата.

**– Континуирана заштита на движното и на недвижното културно наследство и негова промоција**

Културното наследство на Република Северна Македонија претставува непроценливо сведоштво за историскиот, уметничкиот и духовниот развој на нашето општество. Движното и недвижното културно наследство не е само дел од националниот идентитет, туку и ресурс со огромен образовен, туристички и развоен потенцијал.

Во таа насока, Министерството за култура и туризам продолжува со континуирана примена на политики и мерки за заштита, конзервација, реставрација, ревитализација и достојна презентација на културното наследство. Од особена важност е стратешкиот пристап кој обединува институционална координација, стручно унапредување, меѓународна соработка и вклучување на локалните заедници.

Клучни приоритети во 2026 година ќе бидат:

- Спроведување на програмите за конзервација и реставрација на недвижни културни добра од национално значење
- Спроведување на повеќегодишни, капитални проекти кои се спроведуваат по пат на јавни набавки;
- Истражување, документација и евиденција на нови движни и недвижни добра во националниот регистар
- Мерки за заштита на загрозени објекти и локалитети (вклучително и од климатски и урбани ризици)
- Продолжување со дигитализација на културното наследство заради негово зачувување, едукација и промоција
- Јакнење на капацитетите на Заводите и музеите, преку обуки, опрема и подобрување на условите за работа
- Вклучување на младите во процесот на зачувување на наследството преку образовни програми, волонтерски акции и иницијативи
- Промоција на културното наследство преку културен туризам, медиумски кампањи и интердисциплинарни проекти

Со овие активности се обезбедува не само физичка заштита на културното наследство, туку и негово достоинствено интегрирање во современиот живот и одржлив развој на заедницата.

Посебно внимание ќе биде посветено на соработката со локалната самоуправа, црквата и верските заедници, академската и стручната јавност, како и граѓанскиот сектор, во насока на подобра координација и одржливо управување со културното наследство.

Целта е да се создаде системска и долгорочна рамка за зачувување на вредностите кои го дефинираат нашето културно постоење, а нивната промоција – како живо сведоштво на историјата – да придонесе кон поголема видливост, меѓународна соработка и економски развој преку културата.

**– Негување на духовното културно наследство**

Духовното културно наследство претставува жива врска меѓу минатото, сегашноста и иднината на народот. Тоа ги опфаќа традициите, верувањата, обичаите, усното творештво, јазикот, музиката, игрите, занаетите и знаењата што се пренесуваат од генерација на генерација. Овие нематеријални културни вредности го обликуваат културниот идентитет на заедниците и ја збогатуваат националната и светската културна разноликост.

Во согласност со Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство (2003), Министерството за култура и туризам ќе продолжи со системско негување, зачувување, промоција и пренос на духовното културно наследство на сите етнички, верски и културни заедници во Република Северна Македонија.

Клучни приоритети за 2026 година ќе бидат:

- Поддршка за традиционални манифестации, фестивали и ритуали што претставуваат живо културно наследство
- Финансирање на проекти за документирање, аудио-визуелна архива и дигитализација на усното наследство
- Поттикнување на меѓугенерациски пренос на традиционални занаети, музика, пеење, игра и обреди
- Промоција и заштита на нематеријалното културно наследство на малцинските и маргинализираните заедници
- Едукација и вклучување на младите преку училишта, работилници, летни школи и локални иницијативи
- Подготовка на предлози за упис на нови елементи во Националната листа и Репрезентативната листа на УНЕСКО

Духовното културно наследство мора да се третира како жив ресурс, кој не се чува само во архиви или музеи, туку се негува во секојдневниот живот, преку активно учество на заедниците што го создаваат и практикуваат. Затоа, Министерството ќе ја зајакне соработката со здруженија, институции, носители на традиции и научната јавност, со цел зачувување на културната разноликост како темел на општествена кохезија и меѓукултурен дијалог.

**– Обезбедување услови за рамномерен културен развој**

Локалните заедници неизоставно треба да бидат фактор на културниот развој во државата. Во таа смисла, Министерството за култура и туризам треба да настојува да ги помогне нивните изворни буџети преку перманентна поддршка на проекти и содржини во сите општини во Република Северна Македонија, преку

подвижност на установите и достапност на културните содржини од поголеми урбани средини, пред сè, од главниот град во помалите населени места и обратно. Продолжувањето на позитивните практики, поддршката за реализацијата на манифестацијата „Град на културата“ и на други слични настани треба да бидат високо на агендата на Министерството за култура и туризам и во 2026 година. Културните добра, со кои нашата држава располага во изобилство, се значајни и атрактивни дестинации за посета. Доколку се управуваат правилно, тие имаат голем потенцијал за инклузивен локален економски и културен развој и одржливост. Во таа смисла, вредно ќе биде размислувањето во 2026 година да се изготват студии за реализација на наменски креирани долгорочни проекти кои ќе бидат во насока на рехабилитација и адаптирана реупотреба на неискористените објекти и градби кои се идентификувани како културно наследство и кои ќе може да донесат економска и социјална динамика во градовите и во регионите, но и да влијаат врз нивниот културен развој.

**– Остварување меѓународна соработка во културата во 2026 година**

Треба да се базира врз основните принципи што ја одликуваат културната дипломатија на Република Северна Македонија: почитување на културната разновидност, отвореност кон другите култури и подготвеност на интеркултурен дијалог преку размена на културни содржини и реализација на заеднички проекти и иницијативи, во рамките на билатералната и мултилатералната договорна и функционална рамка со другите држави. Фокусот треба да биде на целно претставување на културата на Република Северна Македонија во земји кои се во фокусот на надворешната политика на државата, земји претседавачи со ЕУ, земји со кои се одбележуваат годишнини од воспоставувањето на дипломатските односи, земји од регионот, земји со кои се потпишани билатерални договори, презентација во градовите европски престолнини за 2026 година. Не треба да изостане поддршката за: проекти кои придонесуваат кон промоција и афирмација на културното наследство и врвното современо уметничко творештво од Република Северна Македонија во странство; проекти кои се во функција на мобилност и партиципација на уметниците, културните работници и здруженијата од нашата држава во рамките на меѓународните мрежи; проекти кои се во функција на зацврстување на позицијата на Република Северна Македонија и унапредување на соработката со меѓународните организации; натамошно интегрирање на националните културни политики во европски контекст преку ефикасно користење на пристапната помош на ЕУ-програмите (ИПА, Креативна Европа); усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија (НПАА); компарирање и следење на актуелните трендови и стратегиски модели од земјите членки на ЕУ.

**– Задоволување на културните потреби на заедниците во Република Северна Македонија**

Улогата на државата како институционална рамка е да ги стимулира, да ги помага, да ги унапредува и да ги развива културните односи во општеството. Во таа смисла, треба да се обезбеди значителна поддршка и за реализација на проекти со кои ќе се негуваат културните вредности на сите заедници што егзистираат во Република Северна Македонија, како и за проекти што го поттикнуваат интеркултурниот дијалог. Поттикнувањето активности за одржливо користење на културното наследство што ќе ја подигнат свеста за важноста на културното наследство за неговото зачувување и влијание врз социјалниот, културниот и економскиот живот на сите заедници во Република Северна Македонија, но, од друга страна, и финализирањето на инфраструктурните проекти со кои се негува културата на заедниците во нашата држава ќе го збогатат целокупниот социокултурен амбиент во државата.

**– Дигитализација на културното наследство и на современото уметничко творештво**

Обезбедувањето континуирана и засилена поддршка за дигитализација на културното наследство ќе придонесе за долготрајна и темелна документираност на културното наследство во електронски облик, што претставува основа за негова заштита на повеќе нивоа и потреби. Дигитализацијата ќе овозможи и креирање на единствена база на податоци за културното наследство, што ќе обезбеди функционален систем за современо користење на податоците и на документацијата за добрата од различните видови културно наследство, како еден од современите стандарди во пристапот кон заштитата на културното наследство.

**– Воведување нови технологии во установите од областа на културата**

Современите технологии во културата го поттикнуваат нејзиниот развој особено во доменот на применетите уметности и креативните практики, во насока на препознавање на економската, производствената и на профитабилната димензија на културата. Долгорочно треба да се поставаат повисоки стандарди, особено во работата на установите од областа на културата. Современото административно, но и стручно и уметничко работење во институциите од културата нужно ја поставува потребата од воспоставување системски и единствен пристап кон нивна дигитализација. Првиот чекор што треба задолжително да се направи во 2026 година е изготвување анализа за постојната состојба во националните установи (по што би се изработиле и елаборати) и анализа на

човечките ресурси и нивниот потенцијал за користење современи технологии, според кои ќе се обезбедат обуки и работилници за подобрување на компетенциите на кадарот.

**– Поддршка на културни активности на млади**

Културата игра важна улога во развивањето на младите во еманципирани, задоволни, самоуверени и социјално ангажирани граѓани. Затоа пристапот и учеството на младите во културата е од клучно значење, заедно со нивната способност за креативно размислување и образование преку уметност и културни практики. Состојбите во културата кај нас укажуваат на потребата од зголемување на просторот и можностите за културно изразување на младите, поголема вклученост во креирањето на културните политики и пристап до културните содржини од интерес за младите.

Затоа, Министерството за култура и туризам треба да настојува да обезбеди поддршка за проекти што ги истражуваат културните потреби на младите преку осмислување програми наменети за нив и проекти што младите самостојно ќе ги реализираат. Посебните финансиски линии за поддршка за усовршувањето на дефицитарните кадри во културата, како и обезбедувањето финансиски средства за меѓународна промоција на младите таленти кои имаат добиено признанија на национално ниво треба да се практикуваат и во иднина.

**– Културни активности на независниот културен сектор**

Вонинституционалниот културен сектор е посебен и специфичен сегмент од целокупниот културен сектор кој дејствува самостојно, самоорганизирано и програмски независно и кој е битен чинител во севкупниот развој на културата во земјава, како и еден од главните носители на меѓународната соработка и европските вредности. И во текот на 2026 година треба да продолжи и да се зголеми поддршката на иницијативи и на проекти на граѓанските здруженија и поединци кои внесуваат иновативност и разновидност во културните случувања, проекти кои ќе обезбедат и родова застапеност и вклученост во нивната реализација. Исто така, независниот културен сектор треба да биде вклучен во изработката на стратегиските документи и други иницијативи за развој на културата во државата за наредниот период.

**– Развој на креативните индустрии**

Новите поимања на културата, европските и светските текови во развојот на културните системи, трендовите што доаѓаат не само од европските културни политики туку се и патоказ за развој предложен од УНЕСКО, се вредности со

коишто треба да се усогласиме и тие треба да се одразат и во нашите стратегиски и плански документи. Европските културни политики ја признаваат областа на креативните и културните индустрии како клучна за развој на современ културен систем. Тие признаваат дека само силни и развиени културни и креативни индустрии можат да го унапредат целокупниот општествен развој затоа што културните и креативните индустрии ги унапредуваат и ги вреднуваат имагинацијата, талентот и специфичните културни приказни што ги носат граѓаните на одредена земја. Министерството за култура и туризам и во 2026 година треба да распише конкурси за поддршка на креативноста и развој на културните индустрии додека продуктите што ќе се создадат треба да се настојува да се претставаат и да се промовираат и во меѓународни рамки. Реализацијата на овие активности ќе зависи од буџетот на Министерството за култура и туризам.

**– Достапност на културата за лицата со попреченост**

Во насока на унапредување на инклузивноста во културниот сектор и овозможување еднаков пристап до културните добра и активности, Министерството за култура и туризам ја препознава потребата од посебен фокус на лицата со посебни потреби како рамноправни учесници во културниот живот на Република Северна Македонија. Културата претставува основен елемент на личниот и колективниот идентитет, и нејзината достапност мора да биде гарантирана за сите, без оглед на физичките, сензорните, интелектуалните или психо-социјалните бариери со кои се соочуваат дел од граѓаните.

Обезбедувањето поддршка за проекти што директно придонесуваат за зголемување на вклученоста на лицата со попреченост – како корисници, но и како активни креатори на културни содржини – претставува стратешки приоритет кој треба систематски да се имплементира преку годишните конкурси и програми на Министерството.

Во таа насока, Министерството за култура и туризам, во партнерство со националните установи од областа на културата, ќе настојува во текот на 2026 година значајно да ја прошири понудата на културни содржини адаптирани за лица со посебни потреби. Ова подразбира не само физичка пристапност до објектите, туку и создавање програми и активности што се комуникациски, содржински и технички прилагодени на специфичните потреби на различни целни групи (лица со оштетен вид, слух, интелектуални или моторни попречености и др.).

Планираните интервенции опфаќаат:

- Поддршка за продукција на културни содржини со адаптации (на пр. аудио опис, превод на знаковен јазик, Брајово писмо, лесно разбирлив јазик),
- Развивање на инклузивни програми за деца, млади и возрасни со посебни потреби,

- Унапредување на капацитетите на културните работници преку обуки за работа со ранливи групи,
- Вклучување на лица со попреченост и нивни претставнички организации во процесите на креирање, имплементација и евалуација на културните политики.

Овој пристап се темели на меѓународните стандарди и обврски преземени со ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации, која ги обврзува државите членки да обезбедат ефективни мерки за еднаков пристап до културниот живот.

Крајната цел е да се создаде инклузивно културно опкружување во кое сите граѓани ќе имаат еднаква можност да учествуваат, да создаваат и да се изразуваат преку културата, како основа за демократија, кохезија и меѓусебно разбирање.

**Спроведување на Годишниот план за остварување на националниот интерес во културата за 2026 година**

- Доставување нацрт-годишни програми на установите од областа на културата во јуни во тековната за наредната година.
- Објавување Годишни конкурси за финасирање проекти од национален интерес во културата во сите дејности во септември во тековната за наредната година.
- Објавување и на други конкурси со кои ќе се поддржи националниот интерес во културата, како: избор на национален претставник на Венециското биенале на архитектурата, Конкурс за превод на дела на автори од Република Северна Македонија на други странски јазици, Конкурс за самостојни уметници, Конкурс за стипендирање дефицитарни кадри во културата, Конкурс за избор на „Град на културата" итн.
- Реализација на други комплексни претставувања во организација на Министерството за култура и туризам, како: Денови на македонската култура и туризам во странство, претставувања во европските престолнини на културата за 2026 година, манифестација „Македонија во чест на Св. Кирил во Рим", министерски и др. конференции и настани.

**Финансирање на националниот интерес во културата**

- Финансирањето на националниот интерес во културата ќе се врши во согласност со расположливите средства во Буџетот на Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија.

**Динамика на активности за спроведување**

- Донесување Годишен план за остварување на националниот интерес во културата во јули 2025 година за наредната, 2026 година.
- Објавување годишни конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата во септември 2025 година за наредната, 2026 година.
- Формирање стручни комисии и обработка на пристигнати пријави.
- Донесување одлуки од страна на министерот за култура и туризам за избор на проекти од национален интерес во културата во согласност со предлог на комисиите, односно надворешните соработници.
- Спроведување управна постапка за избраните и за одбиените проекти.
- За избраните проекти на годишните конкурси, по добивањето на решенијата, склучување договори со Министерството за култура и туризам за финансирање проект од национален интерес во културата.
- Следење на реализацијата на проектите.
- Спроведување на другите конкурси во текот на годината.
- Спроведување на другите активности во организација на Министерството за култура и туризам во текот на годината.
- Изработка на анализи и стратегиски документи кои се во функција на развој на културата и туризмот.

МИНИСТЕР

Зоран Љутков